# ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА
# ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ
# ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| **НАСТАВНИ ТЕМИ** | |
|---|---|
| 1. ЦРТАЊЕ | 10 часа |
| 2. СЛИКАЊЕ | 14 часа |
| 3. ПЛАСТИЧНО ОБЛИКУВАЊЕ И ГРАДЕЊЕ | 5 часа |
| 4. ПЕЧАТЕЊЕ И ДИЗАЈН | 7 часа |
| **ВКУПНО** | 36 часа |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ |
| **Вид / категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | II –ВТОРО одделение |
| **Теми / подрачја во наставната програма** | 1. Цртање<br>2. Сликање<br>3. Пластично обликување и градење<br>4. Печатење и дизајн |
| **Број на часови** | 1 часа неделно / 36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | ✓ Аудиовизуелни средства: телевизор, ДВД-плеер, ЛЦД-проектор, касетофон, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер, паметна табла (смарт-табла), таблет за цртање, печатач или други дигитални уреди.<br>✓ Интернет, образовни софтвери.<br>✓ Средства и материјали за цртање (хартија, хартија во боја, молив, дрвени боици, мрсни боици, креди, фломастери, природни и вештачки материјали, штафелаи...).<br>✓ Нагледни средства (цртежи, слики, фотографии, изработки, списанија, плакати, постери, апликации, илустрации, проспекти, музеи, ликовни изложби и др.).<br>✓ Средства и материјали за сликање (водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни боици, пастел, палета, хартија во боја, природни и вештачки материјали).<br>✓ Средства и материјали за пластично обликување и градење (пластелин, брашно, тесто, глина, песок, снег, стиропор, пластика и др.).<br>✓ Средства и материјали за печатење (печат, шаблони и материјали за изработка на шаблони, картон, еколошки бои, плодови, картон-печат, шаблон, природни и вештачки материјали и др.).<br>✓ Средства и материјали за дизајн (фотографија, украс, накит, чаршав, салфетки, тапет, илустрации, ножички, лепак и др.)<br>✓ Творечки неликовни материјали (чешел, четки за заби, шминки, лак за нокти, свеќа, сапун, чадор, шапка, камен, газа, ЦД, соковник, зеленчукови и овошни плодови, текстил, чаши, чинии и др.). |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

**Подрачје:** ***Уметничкото изразување и култура***

| **Ученикот/ученичката знае и/или умее:** | |
|---|---|
| VIII-А.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-А.2 | да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности; |
| VIII-А.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-А.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |
| **Ученикот/ученичката прифаќа дека:** | |
| VIII-Б.2 | критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности. |
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

**Подрачје:** ***Дигитална писменост, Личен и социјален развој и Општество и демократска култура.***

| Ученикот/ученичката знае и/или умее: | |
|---|---|
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| V-A.1 | да разликува здрав од ризичен животен стил кога се работи за сите сфери на живеење (вклучително навики во исхраната, спортски и рекреативни активности); |
| V-A.2 | да избира и практикува активности кои обезбедуваат развој и подобрување на сопственото ментално и физичко здравје; |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.5 | да ги препознава емоциите кај себе и кај другите; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.13 | да комуницира со другите; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус); |
| VI-A.6 | -да пепознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација. |

resursi.literatura.mk

| | |
|---|---|
| VI-А.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротивставува на него; |
| VI-А.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| VI-А.11 | да ги применува правилата и прописите за безбедно учество во сообраќајот; |
| VI-А.22 | да ги идентификува и почитува сите национални симболи на државата Република Северна Македонија и да манифестира чувство на припадност кон државата; |
| VII-А.4 | да генерира идеи и осмислува активности кои водат до продукти и/или услуги. |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот. |
| **Ученикот/ученичката прифаќа дека:** | |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| V-Б.1 | грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности е важен услов за обезбедување физичко и ментално здравје; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |
| V-Б.13 | националниот идентитет, кој произлегува од припадноста на државата Република Северна Македонија, е битна компонента на идентитетот на сите граѓани на државата. |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Наставна тема : ЦРТАЊЕ** | Време на реализација 10 часа |
| **Изготвил :** Наташа Тодоровска | ООУ ,,Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале:** | |

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**

- ✓ применува различни подлоги, средства и материјали во цртањето;
- ✓ создава цртеж, користејќи ги ликовните елементи: големина, простор, тон и површина;
- ✓ црта познати предмети, ликови и појави од средината во која живее и учи.
- ✓ конструира цртежи на компјутер.

**Ученикот/ученичката ќе:**

- ✓ развива креативност преку цртање.
- ✓ развива и негува хигиено-технички и работни навики.

| Содржини и (поими) | стандарди за оценување | часови | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Предлог идеи за активности-Прирачник по ликовно образование за второ одделение** https://shorturl.at/Crxt3 | | | | | |
| **Подлоги, средства и материјали за цртање и нивна употреба** (хартија, хартија во боја, молив, дрвени боици, креди, мрсни | Користи разновидни подлоги, средства и материјали во цртањето.<br><br>Споредува и прави разлика меѓу цртежите | 1 | •Игра: „Волшебна торбичка“ - активност за препознавање и именување на разновидни подлоги, средства и материјали кои се користат во цртањето. Учениците од торба избираат предмет(хартија, молив, темперна боичка...), го именуваат и објаснуваат каде и како ќе може да се употреби. Наставникот обезбедува различни подлоги и различен материјал за цртање: молив, дрвени боички, фломастери, креди, мрсни боички или друг природен или вештачки материјал којшто остава трага. Учениците | торба<br>подлоги за цртање (хартија, картон, алумиумска фолија и сл.)<br>молив, дрвени боички, фломастери, креди, мрсни боички или друг природен или | Усни одговори на прашања<br><br>Разликува и именува разновидни подлоги, средства и материјали за цртање |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| боици, фломастери, природни и вештачки материјали) | според подлогата, средствата и материјалите кои се употребени. | | добиваат задача да следат одредена музика и без гледање во подлогата да нацртаат **предмет/ суштество/објект по свој избор.** Крајот се означува со престанување на музиката.<br>•Учениците ги подигаат своите подлоги и го презентираат цртежот.<br>•Дискусија за трагата која што ја оставаат различни средства и материјали за цртање на различна подлога. *(прирачник стр.7,8)* | вештачки материјал<br><br>компјутер<br><br>звучници<br>прирачник стр.7,8 | Споредува и прави разлика меѓу цртежите според подлогата, средствата и материјалите<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Црта разновидни линии со комбинирање различни средства и материјали. | 2 | •Активност во пар - Цртање на грб<br>Еден ученик од паротцрта со прст по грбот на соученикот различни линии - права, испрекината, дебела, крива линија. Промена на улогите.<br>•*Варијанти на активноста:*<br>- Поставуваат различна подлога за цртање на грбот на другарчето и цртаат со различни средства и материјали за цртање коишто оставаат трага. Додека црта едниот ученик другиот се обидува да ја претпостави формата, да го именува обликот.<br>- Подлогата е залепена на ѕидот од училницата. Пред неа е ученикот со средство за цртање по негов избор, а зад него соученикот од паротот. Тоа со прстите од раката „црта“ различни видови линии на грбот на своето другарче, а во исто време ученикот со средството за цртање се обидува да ги препознае видовите линии и истите ги пренесува на подлогата за цртање што е пред него на ѕидот.<br>•**Мотив - Дрво со гранки, ветер, дожд(есен**)<br>Учениците се поделени во групи- Цртаат со различни средства за цртање.(*прирачник стр.9,10)* | (хартија, картон, алумиумска фолија и сл.)<br><br>молив, дрвени боички, фломастери, креди, мрсни боички или друг природен или вештачки материјал<br><br>прирачник стр.9,10 | Усни одговори на прашања<br><br>Црта разновидни линии со комбинирање различни средства и материјали.<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подлоги, средства и материјали за цртање и нивна употреба** (хартија, хартија во боја, молив, дрвени боици, креди, мрсни боици, фломастери, природни и вештачки материјали) | Црта разновидни линии со комбинирање различни средства и материјали. | | •Учениците одговараат на прашања:<br>• Што добиваме како резултат кога со фломастер цртаме на хартија?<br>• Што се добива ако користиме молив или восочен пастел и хартија? (линија).<br>• Со што друго можеме да нацртаме линија? ( со стапче во песок, со дланка во снег, со креда на плочник....)<br>*•**Линија** е ликовен елемент кој е составен од бескрајно множество на точки.*<br>• *Што нè потсетува на точка? (капки дожд, далечните звезди, песок....). Повеќе точки заедно прават **линија.***<br>• *Линија е точка која тргнала да прошета ( линија се добива со движење на точка во просторот).*<br>• *Линиите може да бидат прави и криви. На прави линии на потсетуваат: ногалки од столче, рамки на прозорци, пешачки премин. На криви линии не потсетуваат: гранки на дрвја,обликот на цветови, бранови...*<br>•Учениците имаат фломастери со различна дебелина. Цртаат различни видови на линии.<br>**Мотив: Патот до училиште** <br>https://www.youtube.com/watch?v=MeRWyHI9Dh0<br>**Exploring ALL Types of Lines**<br>(*прирачник стр.11,12)* | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>фломастери со различна дебелина<br><br>блок број 3<br><br>прирачник стр.11, 12 | Усни одговори на прашања<br><br>Црта разновидни линии со комбинирање различни средства и материјали.<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| **Ликовен јазик во цртањето** (точка, линија – | | | •Учениците преку непосредно набљудување во училишен двор или преку слика/постер/презентација на тема **есен** разговараат за *просторот* – пред/зад, | компјутер<br>проектор<br>бела табла | Усни одговори на прашања |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак, боја, насока, форма, големина, простор – пред/зад, горе/долу, лево/десно, тон – светло/темно, површина – мазна/рапава, тврда/мека, сенчење, детаљ, интензитет, прецизност) | Црта со примена на ликовните елементи: големина, простор, тон и површина.<br><br>Ги објаснува цртежите преку поимите од ликовниот јазик. | 1 | горе/долу, лево/десно и линиите – тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак.<br>•Со примена на јаглен наставникот ги насочува учениците да исцртаат линии на лист од блок, а потоа со прст да го раснесат низ просторот-воочуваат(светли и темни нијанси).<br>•Се искажуваат за големина на објектите во зависнист од поставеност во просторот, воочуваат посветли и потемни нијасни на иста боја(тон).<br>**Мотив:Есенски лисја** (поставеноста на есенските листови пред/зад, лево/десно, горе/долу, како и за големината на просторот и листовите како елементи во тој простор. Самостојна работа на учениците.<br>•*Предлог активности - Слободни изборни активности или за време на продолжен престој*<br>Учениците во училишниот двор со креди во боја цртаат линии со различни форми од опкружувањето и ги утврдуваат поимите: пред/зад, горе/долу, лево/десно.<br>(*прирачник стр.13,14*) | хамер<br>природен материјал како средство за цртање<br><br>јаглен<br><br>блок бр.3<br><br>креди во боја<br><br>прирачник стр.13,14 | Црта со примена на ликовните елементи: големина, простор, тон и површина.<br><br>Ги објаснува цртежите преку поимите од ликовниот јазик.<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Користи разни видови моливи за постигнување прецизност во цртањето.<br><br>Ги објаснува цртежите преку поимите од ликовниот јазик. | 1 | •Учениците поделни во групи имаат различни видови на моливи, лист од блок блок и острилки.<br>**Прв предизвик:** Учениците ги острат моливите и со исцртување на лист од блок треба да откријат кој молив остава најтенка, а кој најдебела линија без притискање.<br>**Втор предизвик**: графитот од изострените моливчиња со памукче да го разнесуваат низ листот и да извлечат заклучок кој графит најлесно се разнесува на листот.<br>**Трет предизвик:** остатоците од изострените моливи (дрвениот дел) ги лепат на хамер со што ќе го збогатат со креативни елементи. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>различни видови моливи, лист од блок - хамер, голем хамер, острилка, лепило<br><br>памук | Усни одговори на прашања<br><br>Користи разни видови моливи за постигнување прецизност во цртањето.<br><br>Ги објаснува цртежите преку |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ликовен јазик во цртањето** (точка, линија – тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак, боја, насока, форма, големина, простор – пред/зад, горе/долу, лево/десно, тон – светло/темно, површина – мазна/рапава, тврда/мека, сенчење, детаљ, интензитет, прецизност) | | | •Учениците добиваат работен лист - **Доврши го цртежот - По**врзувањето на точките и создавање на различни видови линии со примена на различни видови моливи, како и изострен молив, полутап и тап молив.<br>*B –black, црн, што е поголема бројката пред буквата B тоа е потемна бојата на моливот и помек,*<br>*H –тврд или светол, што е поголема бројката пред буквата H тоа е потврд и посветол,*<br>*F за цртање детали и пишување,*<br>*HB – тој е во средина помеѓу H и B, што вообичаено го користат учениците* (*прирачник стр.15,16)* | работен лист<br><br>прирачник стр.15,16 | поимите од ликовниот јазик<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Прави целина во цртањето со употреба на детали.<br><br>Ги објаснува цртежите преку поимите од ликовниот јазик. | 2 | •Учениците се поделени во групи. Секоја група добива лист од блок на кој е нацртана одредена 2Д форма(круг, триаголник, квадрат, правоаголник). Се насочуваат да доцртаат различни детали за да добијат една целина(пример- кругот во цвет, сонце, топка...<br>•На учениците им се даваат мини слика(мандала). Со три различни дрвени боички секој ученик треба да обои три различни елементи од цртежот (идентификува ист елемент од цртежот, кој го бои со иста боичка), додека останатиот дел да го бојат со молив.  <br>•Преку презентација учениците се запознаваат со начин на кој македонските кујунции создаваат накит<br>**Мотив- Цртање на накит за мама.**<br>Учениците со молив и дрвени боици цртаат накит, при што со сенчење од деталите прават целина.<br>(*прирачник стр.17,18)* | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>наставни листови со техника мендела, молив, дрвени боички, фломастери<br><br>Презентација<br><br>прирачник стр.17,18 | Усни одговори на прашања<br><br>Прави целина во цртањето со употреба на детали.<br><br>Ги објаснува цртежите преку поимите од ликовниот јазик.<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | | | •Учениците избираат предмет од училница, го поставуваат на лист и ја исцртуваат контурна линија. Се | компјутер | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ликовен јазик во цртањето** (точка, линија – тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак, боја, насока, форма, големина, простор – пред/зад, горе/долу, лево/десно, тон – светло/темно, површина – мазна/рапава, тврда/мека, сенчење, детаљ, интензитет, прецизност) | Прави целина во цртањето со употреба на детали.<br><br>Ги објаснува цртежите преку поимите од ликовниот јазик. | | поставуваат цртежите на табла и учениците треба да откријат кој предмет е преставен со контурната линија.<br>• Дали ви беше тешко/лесно да го откриете предметот?<br>• Дали ви недостигаа детали за полесно да го откриете?<br>•Еден пар ученици се поставени еден спроти друг, бројат до 10, а потоа си вртат грб еден на друг. Додека се свртени и не се гледаат, прават одредена промена на себе (на својот изглед). Кога ќе се свртат паровите лице во лице треба да погодат што е поинаку кај своето другарче.<br>•**Мотив- Мојот другар**<br><br>Учениците добиваат исцртана контурна линија на дете и му доцртуваат коса, нос, очи, уши, уста облека ни сите детали кои претходно ги воочил кај своето другарче.<br>(*прирачник стр.27,28)* | проектор<br>бела табла<br><br><br>лист од блок<br>фломастер,<br>дрвени боички.<br><br>прирачник стр.27,28 | |
| | Постигнува ефект светло-темно со употреба на техниката Сенчење во цртањето. | 1 | •Пред учениците се наоѓаат примероци од различен вид на накит(прстен, белегзија, ланче, обетки, брош). Се поведува дискусија за целината – накитот и сите негови елементи коишто се составен дел(детали).<br>•Учениците добиваат лист на кој е претставен **накит**. (накит за мајката). Се поставуваат повеќе моливчиња и памукче, како и по една чепкалка за уши. Наставникот им демонстрира на учениците повеќе начини на сенчење и тоа:<br>- навалување на моливчето и повлекување на истото, држејќи го моливот хоризонтално со хартијата<br>- со остреница од графитот на моливчето и поставувајќи памукче врз неа и нежно повлекувајќи ја низ листот. | различен вид на накит(прстен, белегзија, ланче, обетки, брош)<br><br>работен лист моливчиња и памукче, како и по една чепкалка за уши.<br><br>прирачник стр.19,20 | Усни одговори на прашања<br><br>Постигнува ефект светло-темно со употреба на техниката Сенчење во цртањето.<br><br>Ги објаснува цртежите преку |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ликовен јазик во цртањето** (точка, линија – тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цицкац, боја, насока, форма, големина, простор – пред/зад, горе/долу, лево/десно, тон – светло/темно, површина – мазна/рапава, тврда/мека, сенчење, детаљ, интензитет, прецизност) | | | - врз остатокот од графитот може да се постави и чепкалката за уши и со истата да се создаде трага – сенка.<br>Учениците по сопствен избор сенчаат дел од накитот (*прирачник стр.19,20)*<br>Може како мотив да се искористи и **Мртва природа**- сенчење   | | поимите од ликовниот јазик. |
| | Конструира цртежи на компјутер (на пример: училиште, дом, омилен лик, место на живеење и сл.<br><br>Ги објаснува цртежите преку поимите од ликовниот јазик. | 2 | *Часовите за конструирање на цртежи со примена на компјутер може да се држат во кабинет по информатика во соработка со наставник по инорматика*<br>•Запознавање со алатките за цртање и боење<br>Активности во програма за цртање – Toolkid, Paint<br>https://www.youtube.com/watch?v=jXUUyhXHnX4<br>•Предлог мотив:<br>-Патот до училиштето (геометриски форми со контурни линии) <br>Кога цртежот ќе го добие финалниот лик, ученикот по дадените насоки од наставникот треба да го зачува истиот во меморијата на лап топ/таблетот/компјутер. Се посочуваат чекорите за зачувување на цртежот.<br>(*прирачник стр.21, 22, 23, 24)* | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>компјутери/ таблети<br><br>прирачник стр.21, 22, 23, 24 | Усни одговори на прашања<br><br>Конструира цртежи на компјутер со примена на алатки за цртање<br><br>Ја знае постапката за зачувување на својот цртеж на компјутер<br><br>Ги објаснува цртежите преку поимите од ликовниот јазик.<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | | | • Со учениците се поведува разговор на тема „**Моите соништа**“. Дискусијата се проширува со активност да ја разбуду детската фантазија – гледаат интересни детски трик фотографии (оптички илузии).   | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>компјутери/ | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ликовен јазик во цртањето** (точка, линија – тенки/дебели, долги/кратки, криви/прави, цикцак, боја, насока, форма, големина, простор – пред/зад, горе/долу, лево/десно, тон – светло/темно, површина – мазна/рапава, тврда/мека, сенчење, детаљ, интензитет, прецизност) | Конструира цртежи на компјутер (на пример: училиште, дом, омилен лик, место на живеење и сл.<br><br>Ги објаснува цртежите преку поимите од ликовниот јазик. | | Наставникот им ги прикажува пребарувајќи по следите клучи зборови<br>illusion art optical illusion trick photography<br>•Предлог мотив:<br>Во програма за цртање цртаат свој **цртеж по фантазија**. <br>Секој од учениците ја демонстрира својата изработка пред своите другарчиња (преку проектор на табла). Се поведува дискусија за изработките со учениците.<br>(*прирачник стр.25,26)*<br>*Предлог активност*<br>Што нацртавме- Мачка или птица?  <br>*https://shorturl.at/pJqQm*<br>*https://www.youtube.com/shorts/OHxYyP_2RCw*<br> | таблети<br><br>блок број 3<br><br>молив<br>фломастер<br><br>лист од тетратка со квадратчиња<br><br>прирачник стр.25,26 | |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Наставна тема : СЛИКАЊЕ** | Време на реализација 14 часа |
| **Изготвил :** Наташа Тодоровска | ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале:** | |

**<u>РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ</u>**

**<u>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:</u>**

- ✓ применува различни подлоги, средства и материјали во сликањето;
- ✓ создава слика, користејќи ги ликовните елементи: големина, простор, тон и површина;
- ✓ слика предмети, ликови и појави од средината во која живее и учи;
- ✓ ги разликува секундарните бои и креативно да се изразува со нив;
- ✓ користи компјутер во сликањето.

**<u>Ученикот/ученичката ќе:</u>**

- ✓ развива креативност преку сликањето;
- ✓ развива и негува хигиено-технички и работни навики.

| Содржини и (поими) | стандарди за оценување | часови | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Предлог идеи за активности-Прирачник по ликовно образование за второ одделение** [https://shorturl.at/Crxt3](https://shorturl.at/Crxt3) | | | | | |
| **Подлоги, средства и материјали за сликање и нивна употреба** (водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни | Користи разновидни подлоги, средства и материјали во сликањето.<br><br>Споредува и прави разлика меѓу слики изработени со | 1 | •Учениците следат видео презентација со слики од огномет, ѕвезди, Ван Гог, Ѕвездено небо  https://www.youtube.com/watch?v=ndwOgL3ZgCQ<br>•Учениците се поделени во 4 групи. Секој ученик во групата добва различна подлога (лист од блок, рапава хартија, картон и текстил) со димензија на А4 формат Учениците сликаат **огномет.** Како изразни средства се употребуваат: основните бои, секундарните бои и | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>темперни бои<br>пастелни бои<br><br>лист од блок, | Усни одговори на прашања<br><br>Разликува и именува подлоги, средства и материјали за сликање |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| боици, пастел, колаж, палета, хартија во боја, лепак, ножици, природни материјали, вештачки материјали...) | различни средства, материјали и техники. | | површината. Од ликовен материјал се користи темпера и пастел во комбинација. По завршување на активноста добиени слики со прилепување на краевите се поврзуваат во заедничка целина, слика на паралелката. *(прирачник стр.30,31)* | рапава хартија,<br>картон<br>текстил,<br>четки<br>палета<br><br>прирачник стр.30, 31 | Споредува и прави разлика меѓу слики изработени со различни средства и иматеријали<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Користи разновидни подлоги, средства и материјали во сликањето.<br><br>Слика и прави колаж со комбинирање на подлоги, средства и материјали. | 1 | •Учениците следат видео презентација за ликовното дело Сончогледи од Винсент Ван Гог.(Наставникот објаснува и преведува од англиски јазик)  <br><br>https://www.youtube.com/watch?v=SEf7Y8UtEsM<br>•Следат видео објаснување за цртање на вазна со сончогледи<br>https://www.youtube.com/watch?v=PCXrQLO8WiM<br>   <br><br>•Учениците сликаат мотив **вазна со цвеќе (сончогледи)**.<br>Може да се подалат учениците на групи и да рабтат со различни материјали за сликање на мотивот или со нивна комбинација. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>лист од блок<br>фломастери<br>темперни бои<br>водени бои<br>четки<br>чаши со бои<br>пастелни бои | Усни одговори на прашања<br><br>Користи разновидни подлоги, средства и материјали во сликањето.<br><br>Слика и прави колаж со комбинирање на подлоги, средства и материјали.<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подлоги, средства и материјали за сликање и нивна употреба** (водени боици, блок, четки, хамер-хартија, темперни боици, пастел, колаж, палета, хартија во боја, лепак, ножици, природни материјали, вештачки материјали...) | Слика и прави колаж со комбинирање на подлоги, средства и материјали. | 1 | •Учениците следат видео приказна „Црешовото дрво на Стефан“(5:00). Може да се обработи и на час по македонски јазик*(корелација со македоснки јазик)*   https://www.youtube.com/watch?v=CJ42Urw6PuI&t=17<br>•Преку насочени прашања размислуваат за црешовото дрво на Стефан. Се кажуваат претпоставки што се му било потребно на Стефан за да го наслика црешовото дрво (подлога, хартија, водени / темперни бои, четка, палета...).<br>•Учениците индивидуално/парови или во мали групи цртаат **Црешово дрво** - контура на дрво, па со темперна боја го сликаат стеблото, гранките и листовите. Прават топчиња од салфетки, памук и ги обојуваат со црвена боја.  Може да исечат и додадат слики со врапчиња, пчелки, пеперутки околу дрвото.<br>*Предлог активности – (прирачник стр.34, 35)* | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>лист од блок<br>топчиња од памук ,салфетка<br>подлога,<br>хартија, водени / темперни бои, четка, палета,<br>ножици<br>лепило<br>слики од врапчиња, пчелки, пеперутки<br>прирачник стр.34, 35 | Усни одговори на прашања<br><br>Слика и прави колаж со комбинирање на подлоги, средства и материјали.<br><br>Активно учество во пар или група<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| **Ликовен јазик во сликањето** (големина, простор, тон, површина, дезен) | Слика со примена на ликовните елементи: големина, простор, тон и површина.<br><br>Ги опишува сликите со употреба на соодветен ликовен јазик. | 1 | •*Претходна активност* - За време на продолжен престој, учениците се носат до најблиската височинка од нивното опкружување од каде го набљудуваат просторот и природата што се простира пред нив. Се искажуваат за големината на предметите и објектите во зависност од далечината.<br>•Изработуваат цртеж, скица и изведуваат заклучокот дека предметите што ги гледаме поблиску (се нацртани поголеми), а оние што се подалеку (се нацртани помали) во зависност од просторот. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>лист од блок<br>разни материјали за сликање<br>водени / темперни бои, четка, палета, | Усни одговори на прашања<br><br>Слика со примена на ликовните елементи: големина, простор, тон и површина.<br><br>Ги опишува сликите со |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | •Учениците цртаат на тема: **Природа во пролет.**<br><br>Дискусијата и активното набљудување на изработките: ја воочат големината на предметите на цртеж, слика наспроти нивната поставеност во природата, нивната поставеност на цртежот, нивната реална големина, нивната големина и поставеност во просторот на сликата.<br>*Предлог активности – (прирачник стр.36, 37)* | прирачник стр.36, 37 | употреба на соодветен ликовен јазик.<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| **Ликовен јазик во сликањето** (големина, простор, тон, површина, дезен) | Користи различни техники за сликање дезен. | 1 | •**Асоцојација** - Погоди го поимот преку клучни зборови(ракавици, шалче, капа, чизмички, топли чорапи...)- зима. Се поведува куса дискусија за зимата и временските карактеристики и се проследува приказна„ Лисичката плетачка“ - видео сликовница на знаковен јазик.<br><br><br>https://www.youtube.com/watch?v=1I8PvhOCnZI<br>•Учениците поделени во 3 групи се запознаваат со мотивот:**Дезен, шара на ракавички, чорапи, шалче.** На сите учениците им се давам парче платно.<br>• Група ракавици - ја цртаат својата рака, го креираат дезенот со боја и ја сечат ракавицата од платното.<br>• Група чорапи - го исцртуваат своето стапало, а потоа го креираат дезенот со боја и го кројат платното.<br>• Група шалче - прво го исцртуваат, а потоа со боја го претставуваат, сликаат и оформуваат својот дезен. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>текстил<br><br>темперни боички<br><br>фломастери<br><br>ножици<br><br>прирачник стр.38, 39 | Усни одговори на прашања<br><br>Користи различни техники за сликање дезен<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Опис на активностите- (прирачник стр.38, 39)* | | |
| **Ликовен јазик во сликањето** (големина, простор, тон, површина, дезен) | Користи детали во сликањето и формира целина. | 1 | •Учениците следат кратка видео лекција со предмети, суштества кои имаат сина боја. Прват разлики во нијансите на сина боја.<br>https://www.youtube.com/watch?v=GMD-bQ-4LhE<br> <br>•Секој ученик има подлогата за сликање старо ЦД. Следат насоки за преставување на мотивот, на кој начин бојата треба да се распредели на цедето. <br>https://www.youtube.com/watch?v=zw6Yr4Q7T5o<br>Во овој дел од часот се нанесуваат само боите и се формираат тоновите, не се завршува целосно активноста до крај како на линкот.<br>Учениците цртаат, сечат и обојуваат рипчиња во нијанси на сина боја и ги лепат на ЦД откако ќе се исуши бојата.<br>*Опис на активност- (прирачник стр.40, 41)* | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>темперни бои,<br>бела темпера,<br>лист од блок, четки,<br>природни материјали<br><br>прирачник стр.40, 41 | Усни одговори на прашања<br><br>Користи детали во сликањето и формира целина<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Користи различни техники за сликање дезен.<br><br>Користи детали во сликањето и формира целина. | 1 | •Учениците слушаат народна песна(*корелација со музичко образование*) и преку примероци од предмети, облека, слики/ постери/презентација се поведува дискусија за традицијата, културата, народните носии сличностите и разликите помеѓу различните култури во нашата земја.<br>•Учениците воочуваат **шари во народните носии** и разликите помеѓу истите (скутник, чорапи, опинци, елек, појас, шамија). | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br>предмети,<br>облека, слики/<br>постери/презентација<br>платно,<br>лист од блок<br>темперна боја, | Усни одговори на прашања<br><br>Слика и прави колаж со комбинирање на подлоги, средства и материјали. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ликовен јазик во сликањето** (големина, простор, тон, површина, дезен) | | | Едуино лекција - Печатење народна шара(до 7:00 минута)<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=bdgWIJeV6Jw<br>•Секој ученик има парче платно/или лист од блок и работат на дезен по свој избор.<br>•Часот се заокружува и завршува со играње народно оро. *Опис на активност- (прирачник стр.42, 43)* | четки и друг материјал потребен за сликање<br><br>прирачник стр.42, 43 | Активно учество во пар или група<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Ги опишува сликите со употреба на соодветен ликовен јазик. | 1 | •Подготовка на учениците за посета на ликовна изложба на цртежи поставена од страна на членовите на ликовната секција од предметна настава на различнни теми: патронен празник, Еко тематика, мултикултурна разновидност, теми од училишен живот, детски права и и сл.)<br>•Во соработка со наставник по ликовно образование учениците се запознаваат како се анализираат слики со употреба на соодветен ликовен јазик( соодветно на возраста на учениците и стекнатите знаења според програмата за второ одделение). Се искажуваат кои слики им се допаѓаат, кои детали ги забележуваат, бои, големина на предмети и сл.<br>•Се подготвуваат да го уредат ликовното катче во својата училница и просторот во холот - селекција на готови изработки на учениците, начин на којшто ќе бидат поставени творбите, што треба да содржи информацијата поставена покрај сликата на изложбата.<br>***Оваа активност може да биде како завршен дел од проектна активност, којашто ќе се реализира во подолг временски период).*** | изработени цртежи од претходни часови или од реализиран проект<br><br>изложбено пано<br><br>прирачник стр.44, 45 | Усни одговори на прашања<br><br>Ги опишува сликите со употреба на соодветен ликовен јазик.<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | *Опис на активност- (прирачник стр.44, 45)* | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Секундарни бои и нијанси** (портокалова, виолетова, зелена) | Ги препознава и ги именува секундарните бои и нивните нијанси.<br><br>Добива секундарни бои со мешање на основните бои. | 1 | • Преку илустрации се поведува дискусија во која се именуваат примарните (основните бои) и се насочуваат учениците да извлечат заклучок во којшто ќе ги именуваат новодобиените секундарни бои.<br><br><br>• Учениците добиваат работен лист во кој треба самостојно да обојат(без помош на илустрациите) со цел да добијат секундарна боја.<br>Која боја ке се добиеш ако се измешаат:<br><br>црвена и сина сина и жолта црвена и жолта<br>• Учениците сликаат **овошни плодови**. Како изразни средства се употребуваат секундарните бои и нивните нијанси(портокал, кајсија, грозје, јаболко, праска).<br>Предлог идеи за активности- *(прирачник стр.46, 47)*<br>✓ Игра меморија<br>✓ Игра со бои за кожа.<br>✓ Асоцијација. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>постер илустрации за добивање на секундарни бои<br><br>работни листови-боенки<br>пастелни бои<br><br>темперни бои<br>палета<br><br>водени бои<br><br>четка<br><br>чаши со вода<br><br>прирачник стр.46, 47 | Усни одговори на прашања<br><br>Ги препознава и ги именува секундарните бои и нивните нијанси.<br><br>Добива секундарни бои со мешање на основните бои.<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Добива секундарни бои со мешање на основните бои.<br><br>Ги опишува сликите со | 1 | •Учениците се поделени во 3 групи. Секоја група има исечени картончиња со 2Д форми како шаблони, лист од блок и три темперни бои(жолта, црвена и сина). Следат насоки на лист од блок да исцртаат **необична форма(графит)** со нивно прецртување низ листот.<br>Со прсти/четка треба да земаат од две бои и да добијат секундарна боја со која ќе обојат некоја од формите | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>исечени картончиња со 2Д форми како шаблони, лист од | Усни одговори на прашања |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Секундарни бои и нијанси** (портокалова, виолетова, зелена) | употреба на соодветен ликовен јазик. | | •Учениците може и со помош на исечени парчиња сунгерче да мешаат бои и да ги разнесуваат низ листот.<br>•Наставникот е задолжен да ги насочува во духот на создавање на секундарните бои, но никако во претворање на површината во темни измешани недефинирани бои. Се поведува дискусија преку којашто ја опишуваат сопствената слика со употреба на соодветен ликовен јазик.<br>Предлог идеи за активности- *(прирачник стр.48, 49)* | блок и три темперни бои(жолта, црвена и сина).<br><br>исечени парчиња сунгерче<br>четка<br><br>чаши со вода<br><br>прирачник стр.48, 49 | Добива секундарни бои со мешање на основните бои.<br><br>Ги опишува сликите со употреба на соодветен ликовен јазик.<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Ги применува секундарните бои и нивните нијанси за сликање ликови, предмети и објекти поврзани со домот, училиштето и местото на живеење. | 1 | •Учениците се насочуваат да проследат петминутно видео за ликовниот опус на познатиот сликар Пол Сезан со посебен осврт на Пејсажи од Сезан<br>https://www.youtube.com/watch?v=dPVh2ZrdRgc<br>Се разговара по однос на боите на пејзажите, особено на секундарните бои.<br>  <br>•Учениците се делат во групи од по 4-5 ученици. Во секоја група има копии во боја од неколку слики од Сезан. Учениците треба од секој пејзаж да позајмат еден дел (небо, дрвја, планини, јаболка) со сечење на истиот и лепење на хамерот да создадат сопствена слика<br>Од направените колажи на групите паралелката заедно ги опишуваат новите слики при што го користат | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>копии во боја од неколку слики од Сезан.<br><br>ножици<br><br>лепило<br><br>лист од блок<br><br>темперни бои<br><br>четки | Усни одговори на прашања<br><br>Ги применува секундарните бои и нивните нијанси за сликање ликови, предмети и објекти<br><br>Активно учество во група<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Секундарни бои и нијанси** (портокалова, виолетова, зелена) | Ги применува секундарните бои и нивните нијанси за сликање ликови, предмети и објекти поврзани со домот, училиштето и местото на живеење. | | соодветниот ликовен јазик, односно простор, површина и големина.<br>•Учениците сликаат мотив **училишни двор** според сопствена замисла. Како ликовен материјал се употребуваат секундарните бои (темперни бои) за да се добијат сознанија за поимите: простор, површина, големина. - *(прирачник стр.50, 51,52)* | прирачник стр.50, 51,52 | |
| | | 1 | •Учениците се поделни во групи. Пред секоја група има лист од блок број 5 , парчиња подебела волница поголеми од форматот на хамерот, 3 пластични теглички со растворена (не многу) зелена, портокалова и виолетова боја. Учениците ги потопуваат парчињата волница и ги поставуваат по сопствена замисла во кривулест облик на листот. •Потоа преклопуваат обичен употребен лист хартија или парче весник, со левата рака притискаат, а со десната рака ги фаќаат крајчињата на сувиот дел од волницата и полека ја повлекуваат истата надвор од хартијата. Потоа се трга горниот непотребен лист, а пред нив добиваат пејзаж од секундарни бои.<br>На лист хартија **цртаат предмети од домот** (или училиштето). Со пена за бричење го исполнуваат внатрешниот простор, односно текстура. Со прехранбени бои кои се во тврда состојба посолуваат врз пената. За да се запомни изгледот на добиената форма, наставникот прави фотографии со мобилен апарат. *(прирачник стр.53, 54)* | лист од блок број 5 , парчиња подебела волница поголеми од форматот на хамерот,<br>3 пластични теглички со растворена зелена, портокалова и виолетова боја.<br><br>пена за бричење прехранбени бои<br><br>прирачник стр.53, 54 | Усни одговори на прашања<br><br>Ги применува секундарните бои и нивните нијанси за сликање ликови, предмети и објекти<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | | | •Разговор за каратеристиките на годишните времиња(*корелација со природни науки)* | | Усни одговори на прашања |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Секундарни бои и нијанси** (портокалова, виолетова, зелена) | Создава колаж со примена на секундарни бои од природни и вештачки материјали. | 1 | •Учениците се потсетуваат како со мешање на основните бои се добиваат секундарни бои (портокалова, виолетова и зелена).<br>•Учениците се делат во групи од по 4 ученици. Секој ученик следи насоки да изработи со техниката Колаж слика со **мотив од годишно време** од природни и вештачки материјали со примена на секундарни бои<br>•Идеи за учениците можат да се понудат со пребарување по овие клучнни зборови <br>four seasons- collage<br>•Предлог активност од прирачник- Колаж на лик,, Принцезата на зрно грашок"(*прирачник стр.55,56)* | ножици, лепило, ткаенина, цветови, листови, семиња,<br><br>самолеплива хартија, обвивки од различни производи, весници, пердуви (вештачки или природни)<br><br>прирачник стр.55,56 | Создава колаж со примена на секундарни бои од природни и вештачки материјали.<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Слика на компјутер, користејќи ги и примарните и секундарните бои и нивните нијанси. | 1 | •*Часовите за изработка на слика на компјутер со примена на компјутер може да се држат во кабинет по информатика во соработка со наставник по инорматика*<br>•Учениците се искажуваат за основни бои.<br>Преку апликација се запознаваат со компјутерско мешање на основните бои(сина, жолта, црвена) и добивање на секундарните(зелена, портокалова, виолетова).<br>https://colordesigner.io/color-mixer <br>Учениците изработуваат **компјутерска слика со топли, ладни бои и нивните нијанси**.<br>• Ладни бои  | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>компјутери/таблети<br><br>прирачник стр.57,58 | Усни одговори на прашања<br><br>Знае како се добиваат секундарните бои<br><br>Слика на компјутер со користење на примарни, секундарни бои и нивни нијанси.<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Топли бои <br>Активноста ја работат во програма за цртање во Toolkid/Paint. По сопствен избор цртаат круг на основни и секундарни бои. Потоа изработуваат компјутерска слика со топли, ладни бои и нивните нијанси.<br>*Предлог активности*<br>Доколку нема можност да се работи на компјутер, учениците работат на мотивот со темперни бои *(прирачник стр.57,58)* | блок број 3<br>палета<br>чаша со вода<br>темперни бои | |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Наставна тема : ПЛАСТИЧНО ОБЛИКУВАЊЕ И ГРАДЕЊЕ** | **Време на реализација 5 часа** |
| **Изготвил :** Наташа Тодоровска | ООУ ,,Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале:** | |

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**

- ✓ прави различни фигури од природни и вештачки материјали за обликување;
- ✓ користи различни техники (сечење, лепење, превиткување, спојување, оригами и сл.) во пластичното обликување;
- ✓ моделира тридимензионални форми и да гради различни фигури од различни материјали;
- ✓ користи компјутер во пластичното обликување и градење.

**Ученикот/ученичката ќе:**

- ✓ развива сензомоторни вештини;
- ✓ развива креативност преку пластичното обликување и градење;
- ✓ стекнува хигиено-технички и работни навики.

| Содржини и (поими) | стандарди за оценување | часови | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Предлог идеи за активности-Прирачник по ликовно образование за второ одделение** https://shorturl.at/Crxt3 | | | | | |
| **Подлоги, средства и материјали за пластично обликување и градење и нивна употреба** | Идентификува различни средства и материјали за обликување, моделирање и градење. | 1 | •Воведна активност - **Приказна за Плашливка** (прирачник стр.60)- *Корелација со македонски јазик*<br>Учениците се поделени во групи<br>• Прва група: Ја обликува Плашливка.<br>• Втора група: Ја обликува земјината топка и нејзините жители.<br>• Трета група: Го обмислува космосот. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер<br>картонски кутии од различни производи, | Усни одговори на прашања<br><br>Идентификува различни средства и материјали за обликување, |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| (глина, глинамол, пластелин, брашно, тесто, природни и вештачки материјали) | Разликува различни облици и градби. | | Групите треба да користат различни материјали за обликување(картонски кутии од различни производи, тесто, глина/кал, пластелин, предмети од природата.<br>•Сите групи заедно треба да пронајдат решение за макета на Плашливка. Решението на паралелката треба да се претстави и како дел од целата макета која ќе ја изработат учениците( мост, тунел и сл).<br>*(прирачник стр.60, 61)* | тесто, глина, пластелин, природни и вештачки материјали од непосредното опкружување на ученикот<br>прирачник -60, 61 | моделирање и градење.<br><br>Учествува во изработка на заеднички творби |
| | Користи и комбинира различни средства и материјали за создавање облици и градби. | 1 | •Учениците се поделени во групи.<br>Предлог мотиви за работа:<br>**Прва група:** *„Сите сме слични, но многу различни“.* Учениците изработуваат детски очила.<br><br>**Втора група:** *„Подарок за моето другарче“.*<br><br>Учениците изработуваат накит од природни материјали, подебела волница.<br>**Трета група:** „Необичен подарок“ - Украсуваат парчиња од стиропор со различна форма со различни материјали.<br>*(прирачник стр.62, 63)* | прирачник стр.62, 63<br><br>цевки, пластични шишиња,<br>хартија во боја<br>ножици, подебела волница,<br>лепило<br>природни материјали<br>парчиња стиропор во различни форми | Усни одговори на прашања<br><br>Користи и комбинира различни средства и материјали за создавање облици и градби.<br><br>Учествува во изработка на заеднички творби |
| **Ликовен јазик во пластичното обликување и градење**<br>(пластично обликување, моделирање, градење, | Обликува и гради тридимензионални форми.<br><br>Користи компјутер во пластичното | 1 | •Активноста се реализира во пар доколку имаат компјутер ( детски интел лаптопи- Програма Writer)<br>На учениците им се посочуваат алатките кои ќе ги користат да создадат слика на тема: **„Мојот дом, мое царство“**, со користење на 3Д формите.<br>•Секој ученик своето компјутерски изградено царство го презентира пред своите соученици и го опишува со | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер<br>детски лаптопи<br><br>прирачник стр.64, 65 | Усни одговори на прашања<br><br>Обликува и гради тридимензионални форми. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| тридимензионална форма, големина, простор, тон, површина, облик, скулптура, фигура, макета, рециклиран/отпаден материјал, каширање) | обликување и градење. | | зборови дворецот кој го има замислено, а потоа и направено на компјутерот<br>*Доколку нема услови за реализација на активност на компјутер може да се реалиира оваа активност со помош на дрвени и пластични коцки и други дидакткички материјали со цел да се создаде една целина од тридимениони форми.*<br><br>*(прирачник стр.64, 65)* | дрвени и пластични коцки и други дидактчки материјали | Користи компјутер во пластичното обликување и градење. |
| | Создава облик или градба со користење на ликовните елементи: големина, простор, тон и површина.<br><br>Обликува и гради тридимензионални форми. | 1 | •Учениците по претходна подготовка носат кутии од лекови, чевли, хартиени и најлонски кеси, врећички, капачиња, текстил, итн.<br>•Учениците во групи градат макети со тридимензионални форми на тема **Мојот дом, моето училиште, моето место,**<br>Учениците во секоја група создаваат градби со различна големина, во поголем и помал простор, по сопствено доживување и имагинација.<br>- Со темперни бои ги бојат истите, како и улиците и парковите кои се составен дел од *(прирачник стр.66, 67)* целината..<br><br> | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер<br><br>кутии од лекови, чевли,<br>хартиени ролни<br>хартиени и најлонски кеси, врећички,<br>капачиња, текстил,<br>темоперни бои<br>ножици лепило<br>прирачник стр.66, 67 | Усни одговори на прашања<br><br>Создава облик или градба со користење на ликовните елементи: големина, простор, тон и површина.<br><br>Обликува и гради тридимензионални форми. |
| | Прави разлика меѓу моделирање, обликување и градење. | 1 | •Со учениците се поведува дискусија на тема: „Животните од моето село“ (Линк за изработка на животни од пластелин https://crumbavenue.com/tutorials<br>Учениците се делат во три групи. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер | Усни одговори на прашања<br><br>Прави разлика меѓу моделирање, |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Самостојно обликува и гради различни фигури од различни материјали. | | **Прва група:** Обложува пластична играчка-**животно** со најлонска фолија. Сечат мали парченца хартија и ги лепат врз фолијата со лепило( брашно со вода). Потоа ги поставуваат врз телото на моделот животно. Со фен брзо ја сушат хартијаиа и ја одвојуваат од моделот. На местото на екстремитетите на животното се поставуваат дрвени стапчиња на коишто исто така се нанесува хартија со цел да се моделираат екстремитетите кои недостасуваат.<br>**Втора група:** Обликува **растенија од глина или пластелин** како на пример: дрвја, грмушки.<br>**Третата група** гради различни **објекти од обновливи материјали,** како на пример: куќа, штала, бунар, трло итн од картонски кутии, хартија и друг природен или вештачки материјал.<br>*(прирачник стр.68, 69)* | платсична играчка-животно<br>најлонск афолија<br>лепило(брашно со вода)<br>дрвени стапчиња<br>глина/пластелин<br><br>картонски кутии, хартија и друг природен или вештачки материјал.<br><br>прирачник стр.68, 69 | обликување и градење.<br><br>Самостојно обликува и гради различни фигури од различни материјали. |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Наставна тема :** ПЕЧАТЕЊЕ И ДИЗАЈН | Време на реализација 7 часа |
| **Изготвил :** Наташа Тодоровска | ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале:** | |

**<u>РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ</u>**

**<u>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:</u>**

- ✓ прави шаблони за печатење и да печати самостојно со комбинација на отпечатоци (создава шара/декорација);
- ✓ печати со помош на компјутер и печатач;
- ✓ изработува дезен (шара), украс, накит и декорација, со примена на различни ликовни елементи, средства и материјали за дизајнирање;
- ✓ дизајнира, со примена на компјутер и фотоапарат.

**<u>Ученикот/ученичката ќе:</u>**

- ✓ развива сензомоторни вештини;
- ✓ развива креативност преку печатење и дизајнирање;
- ✓ ги развива и негува хигиено-техничките и работните навики.

| Содржини и (поими) | стандарди за оценување | часови | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Предлог идеи за активности-Прирачник по ликовно образование за второ одделение** https://shorturl.at/Crxt3 | | | | | |
| **Подлоги, средства и материјали за печатење и нивна употреба** (печатење, подлога, материјал и средства за печатење, картон-печат, шаблон, природни и | Користи природни и вештачки подлоги, материјали и бои во печатењето.<br><br>Прави разлика и споредува отпечатоци, подлоги и шаблони. | 1 | •Учениците се поделени во три групи, а секоја група работи отпечатоци со различни подлоги и материјали*(прирачник стр.73, 74)*<br>**Прва група:** Учениците го подготвуваат материјалот (балони, ластичиња и топчиња од алуминиумска фолија, природна и вештачка подлога, темперни бои. Следат насоки од наставник (Линк од видеоматеријал, наменето само за наставникот: https://youtu.be/NCTrnNn7UUg)  | прирачник стр.73,74<br><br>компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>балони,<br>ластичиња<br>топчињата од | Усни одговори на прашања<br><br>Прави разлика и споредува отпечатоци, подлоги и шаблони.<br><br>Активно учество во работа во група. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| вештачки материјали, хартија и печатач) | | | **Втората група:** Учениците го подготвуваат материјалот (најлонска кеса, природните и вештачките подлоги, темперни бои). Следат насоки од наставник<br>(Линк од видеоматеријал, наменето само за наставникот: https://youtu.be/BoDQfNoPUrY) <br>**Третата група:** Учениците го подготвуваат материјалот (капачиња во најразлична големина, за работа на природните и вештачките подлоги, темперни бои . Следат насоки од наставник<br>(Линк од видеоматеријал, наменето само за наставникот: https://youtu.be/OlDJxKDgnoo)  | алуминиумска фолија,<br>цамлија<br>мала најлонска кеса пластичен капак,<br>капачиња со различна големина<br>темперни бои<br>четки<br><br>подлоги | Учество во изведување заклучоци |
| | Користи компјутер и печатач за печатење. | 1 | •Учениците во програмата Paint следат насоки да користат алатки за цртање и боење.<br>*Предлог мотиви:*<br>•Креираат **рамка за слика** која ке ја печатат со помош на печатач(црно бело или во боја) *(прирачник стр.75, 76, 77)*  <br>•Активноста може да се работи во кабинентот по информатика во соработка со наставник по информатика и таму да се печатат изработените рамки. Ако се печатат црно бели, учениците ги бојат по свој избор.<br>•Дизајнираат и печатат на мотив – **изработка календар на природата** по претходно зададени насоки. Се прави поврзаност со поимите: големина, форма, боја, површина. | прирачник стр.75,76, 77<br><br>компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>печатар<br><br>А4 листови<br>боички<br>картон<br>лепило | Усни одговори на прашања<br><br>Користи компјутер и печатач за печатење.<br><br>Активно учетво во работа во пар.<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *•Доколку нема услови стандардот да се реализира од технички причини учениците творат и на следните мотиви. Наставниот ги фотографира изработките на учениците. Се печатат во фотокопирница и се изложуваат во училницата на следниот час.*<br>• Дизајн на **корица за сликовница**. Се употребуваат поимите: форма, боја, големина и простор. (молив, дрвени боици и фломастери).<br>• **Илустрација според текст** – корелација со македонски јазик (водени боици). | | |
| **Ликовен јазик во печатењето**<br>(печат, отпечаток, шара, декорација, монотипија, композиција) | Прави шари/ декорации со повторување на исти или различни отпечатоци.<br><br>Комбинира шаблони и создава различни композиции. | 1 | Предлог активности:<br>•**Компир печат** - Учениците во групи имаат изработени печати од компир со 2Д форми.<br>Ги натопуваат во садови во кој има ставено различни темперни бои и креираат шари со повторување на исти или различни отпечатоци.<br>*(прирачник стр.78, 79)*<br><br>Пример за изработка на компир печат<br>•**Шаблон од картон**<br>Учениците изработуваат/ користат шаблон од картон и темперни боици и печатат графика за **празничен мотив**. Се прави поврзаност со поимите: форма, големина, боја.<br>• Учениците изработуваат шаблони од картони кои се користат за печатење на **пролетна марама** – ткаенина со цел да се добие декоративна шара, се прави поврзаност со поимите: големина, форма, боја, тон, површина. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>прирачник стр.78,79<br><br>изработени печати од компир<br>пластични садови<br>темперни бои<br>блок број 3<br><br>шаблони од картон<br><br>ткаенина | Усни одговори на прашања<br><br>Прави шари со повторување на исти или различни отпечатоци.<br><br>Сздава различни композиции со компир печат/картон печат<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ликовен јазик во печатењето**<br> (печат, отпечаток, шара, декорација, монотипија, композиција) | Ги применува ликовните елементи: големина, простор, тон и површина во печатењето.<br><br>Создава графички отпечаток/монотипија. | 1 | •Учениците се запознаваат со поимот **монотипија** - графичка техника која овозможува добивање на само еден отпечаток кој е единствен и неповторлив, уникатен.<br>*Едуино лекција* - Монотипија, секундарна боја, виолетова(10:00)<br>https://www.youtube.com/watch?v=atpL3hiUPAQ<br><br>•Учениците следат демонстрација од наставник -На парче пластика или плексиглас А4 формат се нанесува темперна боја во различни тонови на целата површина. Со чепкалка за уши исцртува неколку форми во различна големина (пример: цвет во три големини). На така подготвената површина става празен лист од блок и со чисто и суво валјаче поминува врз поставениот лист. Го вади белиот лист со веќе направената монотипија.<br>•Секој ученик на своето парче мазна површина ја нанесува својата омилена боја во неколку нијанси и исцртува форма во различни големини по сопствен избор(геометриски форми во даден ритам) и ја прави својата монотипија на лист од блок. *(прирачник стр.80, 81)* | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>парче пластика или плексиглас А4 формат<br><br>чепкалки за уши<br><br>темперна боја<br><br>лист од блок<br><br>прирачник стр.80, 81 | Усни одговори на прашања<br><br>Ги применува ликовните елементи: големина, простор, тон и површина во печатењето.<br><br>Создава графички отпечаток/монотипија.<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Средства и материјали за дизајн и нивна употреба**<br>(хартија, бои, ткаенина, еколошки материјали, природни и вештачки материјали, компјутер, фотоапарат, ножички, лепак) | Идентификува и користи различни средства и материјали за дизајнирање.<br><br>Прави разлика и споредува дизајни според материјалите од кои се изработени. | 1 | •*Активност - Дизајнирање на чорапчиња за одбележување на Денот на децата со Даунов синдром.* Секој ученик по претходен договор со наставникот има по еден пар чорапчиња кои ќе треба да ги дизајнира по сопствена желба.<br>Учениците од кутија извлекуваат три различни парчиња материјал. Треба да ги исечат парчиња од различните материјалите и да ги залепат на чорапите по својот обмислен дизајн.<br><br>•Сите **дизајнирани чорапчиња** од страна на учениците се закачуваат со штипчиња на веќе претходно врзан конец на еден ѕид во училницата.<br>*(прирачник стр.82, 83)* | Чорапчиња кутија<br><br>различни материјали<br><br>ножици<br><br>лепило<br>штипки<br>жица<br><br>прирачник стр.82,83 | Усни одговори на прашања<br><br>Прави разлика и споредува дизајни според материјалите од кои се изработени<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| **Ликовен јазик во дизајнот**<br>(дизајн, дезен, украс, накит, декорација, фотографија, илустрации, фротаж и др.) | Дизајнира со примена и комбинирање на различни ликовни елементи и техники.<br><br>Користи компјутер во дизајнирањето. | 1 | •За активноста е потребно учениците индивидуано или во пар да имаат компјутер (активноста може да се изведе во соработка со наставник по информатика во инфоматички кабинет).<br>•Следат насоки каде се наоѓаат алатките за работа во програмата Ворд (Word)- (insert – shapes и insert – wordart). Преку алатките се појаснуваат ликовните елементи: кои ќе ги користи во својот дизајн, кој е избор на самиот ученик по негова замисла.<br><br><br>•Учениците имаат за задача да дизајнираат **етикета за своето омилено чоколадо**. Започнуваат со | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>прирачник стр.84,85 | Усни одговори на прашања<br><br>Користи основни алатки за дизајнирање vo programata Word<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | дизајнирање на етикетата со користење на различни ликовни елементи.<br>*(прирачник стр.84, 85)* | | |
| **Ликовен јазик во дизајнот**<br>(дизајн, дезен, украс, накит, декорација, фотографија, илустрации, фротаж и др.) | Дизајнира со примена и комбинирање на различни ликовни елементи и техники.<br><br>Изработува украси, накит, декорации и дезени. | 1 | •Секој ученик добива убаво украсено, шарено ливче на кое треба напишат три новогодишни желби. Учениците се делат во четири групи.<br>**Прва група:** Изработка на **новогодишен украс** за училницата( цевки, растеглива хартија, листови во боја, лепило, ножици, светки итн)<br>**Втора група:** Изработка на **зимска облека**( текстил, волница, памук, декоративни украси со новогодишни мотиви, лепило, ножици итн.).<br>**Трета група:** Изработка на **декорации за училницата(**хартиени ленти, листови во боја, лепак, ножици итн.).<br>**Четврта група:** Изработка на **новогодишни честитки**(картончиња, листови во боја, стари весници и списанија, лепило, ножици итн.)<br>Завршни активности:<br>• Првата група ги поставуваат новогодишните украси во училницата, под елката.<br>• Втората група го дава изработеното парче накит на секое дете во одделението.<br>• Третата група ја декорираат училницата со изработките.<br>• Четвртата група ги адресираат честитките до своите другарчиња ширум светот.<br>*(прирачник стр.86, 87)* | компјутер<br>проектот<br>бела табла<br>прирачник стр.86,87<br><br>цевки, растеглива хартија, листови во боја, лепило, ножици, светки сатенски ленти, светки, декоративни украси со новогодишни мотиви хартиени ленти, картончиња, листови во боја, стари весници и списанија, лепило, ножици | Усни одговори на прашања<br><br>Користи основни алатки за дизајнирање во програмата Word<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk